Република Северна Македонија
Министерство за спорт
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Sportit

Бр. 11 - 3000/2
25-12-2025 .2025 год

До: Охрид Прес

Врз основа на член 20 став 1 и член 34 став 1 алинеја 11 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019, а по овластување на Министерот за спорт, согласно Решение број 03-2613/1 од 20.11.2024 година, постапувајќи по Жалба по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од Охрид Прес, Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 25.12.2025 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

**Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер** од Охрид Прес со арх.бр. 11-3000/1 од 15.12.2025 година СЕ УСВОЈУВА.

### Образложение

До Министерството за спорт на 15.12.2025 доставено е Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со арх. бр. 11-3000/1, во кое се бараат повеќе информации:

Во врска со доставено барање од Интернет портал Охрид прес, Охрид на ден 15.12.2025 година, за информации од јавен карактер за пливачки базен во Охрид, Ви ги доставуваме следниве одговори/информации на поставените прашања:

1. Веќе подолг период нема никакви градежни работи на објектот. Кои се проблемите , каде е застојот и дали и кога ќе се продолжи со работа
2. Дали е извршена измена на изведувачот на работите и која компанија ќе го заврши базенот
3. Дали има измени во основниот проект и ако да кои се тие
4. Дали ќе има измени во финалната цена на чинење на базенот и која е таа
5. Кога е планирано завршувањето на објектот

### Одговор:

Базенот во Охрид почна да се гради во текот на 2015 година. Во текот на градбата се појавија низа на проблеми со кои се соочувавме и ние како инвеститори а и самиот изведувач. Решавањето на самите проблеми изискуваше време, а истите беа и причина за застојот во изградбата на истиот.

Во изготвениот проект за термотехника изработен од АРКОН ДОО Скопје како извор на енергија предвидени се водено ладени топлински пумпи кои треба да користат бунарска подземна вода како обнвлив извор на енергија за загревање на просторот, базенската вода и санитарната топла вода.

Од страна на изведувачот е предложена измена на проектот во делот на изворот на енергија, од водено ладени да се премине на воздушно ладени топлински пумпи. Испитувањето на издашноста на вода за задоволување на потребите на базенот за непречено функционирање на истиот и во делот на машинството, покажаа дека на локацијата нема доволно подземна вода која може да се користи а притоа да не се направи проблем во водоснабдувањето на Охрид, што предизвика и потреба од промена на проектот.

Во текот на 2019 година значително се зголемени единечните цени , а со тоа и вкупната вредност на чинење на проектот за период од потпишување на договорот до денес. Од причина што Министерството за спорт нема законска можност да ги зголеми цените, односно да пресмета разлика во цена, а изведувачот не може да продолжи да работи по истите цени од 2015 година, договорот е спогодбено раскинат.

Во наредниот период ќе се пристапи кон изработка на соодветна проектна документација со цел продолжување на градежните активности на затворениот пливачки базен. Цената на чинење ќе произлезе од проектната документација.

Со добиената проектна документација ќе се објави нова постапка за избор на изведувач на градежните работи.

Во самата тендерска постапка ќе биде предвиден и рокот на завршување на работите, кој ќе почне да тече од вовед во градба на избраниот изведувач.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Министерство за спорт
бр.11-3000/2
25.12.2025 година

**Министер**
**Борко Ристовски**

Министерство за спорт - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ - MINISTRIA E SPORTIT
Скопје - Shkup

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Дијана Софтовска

**Доставено до:**
- Баратели на информацијата
- Сектор
- Архива